Осигурително брокерско друштво
СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР
Бр. 02-1/44
27.04 20 23 год.
Битола

Врз основа на член 385, 387 и 388 од Законот за трговските друштва како и членовите 50 и 52 од Статутот на друштвото, Одборот на директори на СН Осигурителен брокер АД Битола на ден 27.04.2023 година до акционерот Зоран Пејчиновски од Битола со живеалиште на улица Сисак број 37 , во Битола, упатува

# ПОКАНА

## ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Годишното собрание на СН Осигурителен брокер АД Битола ќе се одржи на ден 29.05.2023 година (понеделник) со почеток во 12 часот во просториите на друштвото на улица Михаил Апостолски Дончо број 7, во Битола со следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**I Процедурален дел**

1. Отварање на Собранието
2. Избор на работни тела

2.1 Избор на претседавач
2.2 Избор на записничар
2.3 Избор на заверувачи на записникот

3. Констатирање на кворум за работа на Собранието

**II. Работен дел**

1. Разгледување на записник на Собранието на акционерите на СН Осигурителен брокер АД Битола одржана на 12.08.2022 година
2. Предлог одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на СН Осигурителен брокер АД Битола за 2022 година
3. Предлог одлука за усвојување на Ревидиран ревизорски извештај на СН Осигурителен брокер АД Битола за 2022 година
4. Предлог одлука за усвојување на завршна сметка на СН Осигурителен брокер АД Битола за 2022 година
5. Предлог одлука за усвојување на распоредување на финансиски резултат за 2022 година
6. Предлог одлука за одобрување на работата на органот на управување на друштвото колективно и од поединечен аспект

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на друштвото должен е да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието), најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават во СН Осигурителен брокер АД Битола – Сектор за правни работи.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред согласно Статутот на друштвото и Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести друштвото писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на друштвото www.snbroker.mk

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 05.05.2023 година до 16.00 часот, а подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на друштвото www.snbroker.mk

СЕ ПОВИКУВА акционерот Зоран Пејчиновски од Битола со живеалиште на улица Сисак број 37да присуствува и учествува во работата на Собранието на друштвото.
Акционерот Зоран Пејчиновски од Битола со живеалиште на улица Сисак број 37 со своерачен потпис на оваа покана потврдува дека :

Материјалите за Собранието на друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, ги прими лично на рака во просториите на Друштвото.

**Битола**
**27.04.2023 година**

**Зоран Пејчиновски**

**(Име Презиме и скратен потпис)**